


Број 120 — Септември 2022

# S-WORK






# 14-ти септември – **Меѓународен ден на гордоста на сексуалните работници**

По четвртти пат, сексуалните работници во нашата земја се приклучуваат кон иницијативата за одбележување на 14-ти септември, Меѓународниот ден на гордоста на сексуалните работници. По тој повод, како прв и единствен колектив на сексуални работници во земјата, споделуваме за постигнувањата и успесите кои не направија особено горди во изминатата година.

И покрај големите предизвици со кои се соочивме во 2021 година, која несомнено ја одбележа кризата со Ковид-19 пандемијата, успеавме да останеме доследни на тоа што го работиме, да ги застапуваме правата на сексуалните работници пред институциите и општата јавност и да лобираме за промени на законите кои ги таргетираат сексуалните работници. Декриминализацијата на сексуалната работа како најдобра правна рамка за унапредување на човековите, работничките и здравствените права на сексуалните работници беше наш примарен фокус на работа - процес на кој продолжуваме да работиме и во 2022 година.

Со цел да ја подобриме законската рамка и да создадеме подобри услови за живот и работа на сексуалните работници во земјата, останавме фокусирани на добрата соработка со домашни владини и меѓународни институции, агенции, коалиции и здруженија. За првпат во



историјата на Република Северна Македонија, на 18.05.2021 година ја организиравме првата работна ПОП-АП вечера на иста маса помеѓу сексуални работници и високи претставници на државни институции, кои имаат надлежности на делување во областа на подобрување на состојбата на човековите права, третманот на сексуалните работници и декриминализацијата на сексуалната работа во нашата земја.

Во 2021 година, организиравме тркалезна маса со засегнати страни насловена „Приоритети за унапредување на услугите за сексуално и репродуктивно здравје за сексуалните работници во Северна Македонија“. Истата година, преку претставник на Здружението, а по препознаеност и покана на Министерството за правда, учествуваме на работен состанок на работната група за измени на Кривичниот законик. Дополнително, во рамки на неформалната Платформа за декриминализација на сексуалната работа, учествувавме во креирање предлог-измени во Кривичниот законик кои се однесуваат на сексуалната работа, а кои во рамки на Платформата за декриминализација ги доставивме до релевантното министерство.

Во 2021 година, по предлог на Претседателката на комисијата за ХИВ, а по одлука на Министерот за здравство на Република Северна Македонија, нашето Здружение преку свој претставник стана член на истоимената комисија. Комисијата има за цел да работи на креирање и унапредување на политиките за одржливост на континиуумот на ХИВ превенцијата помеѓу населението во земјата, во рамки на Програмата за ХИВ во надлежност на Министерството за здравство. Препознавањето на СТАР-СТАР од страна на стручните членови на Комисијата ја вреднуваме како чин со висока етичност за вклученост на најзасегнатите во Националниот одговор кон ХИВ.





Во 2021 година, го организиравме 14-тиот по ред Марш на црвените чадори, по повод одбележувањето на 17-ти декември, Меѓународниот ден за борба против насилството врз сексуалните работници. Со слоганот „Декриминализација КОГА?" обраќајки се до институциите и јавноста, заедно со стотина сексуални работници, поддржувачи и граѓански организации, повторно го покренавме прашањето за ослободување на сексуалните работници од сите кривични и административни казни кои секојдневно им се закануваат. И оваа година, обезбедивме висока медиумска поддршка, а за настанот известија 56 национални интернет страници, портали, радија и телевизии.

Минатата година, СТАР-СТАР го објави и својот Десетгодишен извештај за програмите, активностите и финансиското работење на Здружението за периодот од 2010 до 2020 година "Декада на гласност, транспарентност и отчетност на сексуалните работници" на што сме особено горди, а кој ги опфаќа клучните достигнувања на организацијата во својата мисија и делувања.

Со цел обезбедување поголема поддршка и зголемување на видливоста на сексуалните работници, СТАР-СТАР стана рамноправна членка на ЕРА– Асоцијација за еднакви права на ЛГБТИ заедницата во Западен Балкан и Турција, со тоа успешно ја завршивме претходната година со стремеж за идни вмрежувања и активно членство и во други национални и меѓународни мрежи и конзорциуми.

Продолжуваме и понатаму да работиме на зголемување на видливоста на нашата заедница и ја продолжуваме борбата за признавање на нашите права. Продолжуваме да градиме успеси кои и понатаму ќе не прават горди како колектив на сексуални работници.



Истражувачка студија

# „Сексуалната работа кај студентите: мотивации, чувства, ризици и осуди“

Сексуалната работа кај студентите е актуелен феномен во целиот свет, за кој во последните години сѐ почесто се пишува и дискутира. Сепак, сексуалната работа кај студентите останува недоволно истражена во некои земји во Европа, вклучувајќи ја и Германија и нема директни извештаи од прва рака од инволвираните луѓе. Понатаму, сексуалната работа останува стигматизирана, и затоа студентите кои ја работат оваа работа може да бидат изложени на ризик од социјална исклученост и емоционално или физичко насилство.

Истражувачката студија објавена во 2021 година, „Сексуалната работа кај студентите: мотивации, чувства, ризици и осуди“ ги испитува студентите кои работат во сексуалната индустрија фокусирајќи се на нивните лични искуства и ставови кон истата. Истражувањето било  спроведено помеѓу 4386 студенти од берлинските универзитети кои одговарале на онлајн прашалник. Студентите кои се идентификувале како сексуални работници биле испрашувани во однос на нивната мотивација да влезат во сексуалната индустрија, карактеристиките на нивната работа, чувствата по сексуалните односи и согледаните ризици, а оние кои не се сексуални работници биле испрашувани за нивното знаење и ставовите кон студентите сексуални работници. Мнозинството од учесниците во истражувањето изјавиле дека нудат услуги кои вклучуваат директен сексуален однос. Откривањето на нивната работа пред пријателите, семејството или други лица било поврзано со помалку проблеми во социјалната изолација и во интимните врски.

Преку ова истражување, станува очигледно дека постојат сличности помеѓу мотивацијата на студентите да се инволвираат во секс индустријата, нивните чувства и проблемите со кои се соочуваат. Згора на тоа, сѐ уште преовладуваат стигмата и предрасудите за животот на студентите сексуални работници. Со разбирање на сексуалната работа кај студентите може да им се помогне на тие сексуални работници да живеат помалку стигматизиран живот и со тоа да ја искористат поддршката од другите. Универзитетите како институции би требало да даваат отворена поддршка на студентите сексуални работници. Ова може да помогне да се поттикнат правата на студентите сексуални работници и да се добие перспектива во однос на сексуалната индустрија.

Ова истражување дава дополнителен увид во сексуалната работа кај студентите, бидејќи претставува прва ваква студија спроведена во Германија, а која се фокусира токму на студентите сексуални работници и на ставовите за сексуалната работа на студентите кои не се вклучени во секс индустријата, преку споредување истражувања кај овие две „групи“. Продавањето сексуални услуги е сѐ уште стигматизирано и се наидува на многу предрасуди. Во Германија, сексуалната работа е правно регулирана во одредени области, но сепак, сексуалните работници се соочуваат со стигма, што пак може да резултира со непријателство, исклучување и насилство. Резултатите од истражувањето се повеќе позитивни а помалку негативни чувства и коментари кон студентите сексуални работници. Ваквата позитивна јавна перцепција



ќе може да им помогне на студентите сексуални работници да живеат помалку стигматизиран живот, да разговараат отворено со некој друг за нивната работа и да користат било каква поддршка, без да се плашат од осуда. Универзитетите како институции би можеле да ја формираат основата за ова, да даваат отворена поддршка на студентите сексуални работници. Во Велика Британија, Универзитетот во Лестер има имплементирано низа алатки за своите вработени и студенти како да се борат против дискриминацијата: „Студентски алатки за сексуална работа за вработените во високото образование" од Труман и сор., 2020 година. Ваквиот пристап може да помогне да се поттикнат правата на студентите сексуални работници, да се стекне позитивна перспектива во однос на сексуалната работа и, во исто време, да се обезбеди поддршка на студентите вклучени во сексуалната индустрија. иминализација на сексуалната работа.

Она што го научивме преку оваа пандемија е дека нашата работа е од суштинско значење, тоа е спасот што им е потребен на многу од нашите клиенти кои живеат во многу неизвесен и сè поизолиран социјален свет. Благодарна сум што ја работам оваа работа сега - и што сè уште ми обезбедува сигурен приход - но исто така ми е драго што успеав да ја направам мојата работа одржлива пред светот да влезе во криза.




# МАЈМУНСКИ СИПАНИЦИ: ЗАПОМНЕТЕ ГИ ЛЕКЦИИТЕ НАУЧЕНИ ОД ПАНДЕМИЈАТА КОВИД-19

Повеќе од 10,000 случаи на мајмунски сипаници се регистрирани во 27 земји на ЕУ и потврдени од Европскиот центар за превенција и контрола на болести. Од 1-ви август, потврдени се 4,298 случаи во Шпанија, 2,677 во Германија, 2,546 во Велика Британија, 1,955 година во Франција и 925 во Холандија.

Секој може да се зарази со мајмунски сипаници. Повеќето луѓе од дијагностицираните случаи досега биле дел од ЛГБТИ заедницата, меѓутоа, не постојат докази кои навестуваат дека вирусот може да се шири само помеѓу геј заедницата и дека преку сексуалните односи се зголемува ризикот на пренос. Вирусот се шири преку близок физички контакт од едно на друго лице преку близок контакт со оштетена кожа, слузокожа, телесни течности, респираторни капки и контаминирани материјали и површини.

Неодамна, ESWA - Европската алијанса за правата на сексуалните работници, излегоа со изјава во која ги повикуваат владите и давателите на здравствени услуги да го отфрлат стигматизирачкиот или хомофобичен однос и говор кога дискутираат за вирусот на мајмунски сипаници.

Додека геј или бисексуалните мажи во моментов се изложени на поголем ризик од пренесување на вирусот поради појава на поголем број на случаи во нивните заедници, сите сексуални работници кои обезбедуваат директни сексуални услуги се исто така изложени на висок ризик од пренос на вирусот. Како што се шири преносот, веројатно случаите на вирусот продолжуваат да се зголемуваат помеѓу заедницата на сексуални работници. ESWA ги повикува законодавците и давателите на здравствени услуги да се погрижат сексуалните работници, покрај лицата од ЛГБТИ заедницата, хомосексуалците, бисексуалците и другите мажи кои имаат секс со мажи и транс жените, да добијат приоритетен пристап до вакцинација. За разлика од Ковид-19, научниците знаат како се однесува овој вирус и веќе постојат соодветни третмани. Ни треба само политичка волја да се справиме со оваа нова епидемија.

Владите треба да ги запомнат лекциите научени од пандемијата со Ковид-19, каде финансиската поддршка се покажа како клучна за оние кои се позитивни на коронавирусот да можат да земат одмор од работа и да се

заштитат дома. ESWA ги повикува владите да обезбедат финансиска поддршка за сексуалните работници кои треба да се одморат од работата додека се опоравуваат од вирусот.

Сакаме да ја потенцираме заложбата на нашите организации членки, кои до сега оствариле средби со политичари и дискутирале околу ова прашање, вклучувајќи ги сексуалните работници кои лобирале за правата на нашата заедница. Законодавците и давателите на здравствени услуги треба да ги вклучат сексуалните работници во процесите на донесување одлуки кои се однесуваат на нашето здравје.

Клучните препораки на ESWA до владите, креаторите на политики и медиумите се следниве:

- Не користете стигматизирачки и хомофобичен јазик кога известувате за појава на случаи на мајмунски сипаници;
- Воведете програми за вакцинација за сите ризични групи, вклучувајќи ги геј луѓето, бисексуалците и други мажи кои имаат секс со мажи, како и сексуалните работници;
- Декриминализирајте ја сексуалната работа и признајте ја сексуалната работа како работа за да можат сексуалните работници да добијат боледување и други социјални бенефиции. ●








Извор на фотографија: Martin Booth via SWNS

# Повреда на основните човекови права на сексуалните работници

Злоупотребата на човековите права се јавува во сите сфери од животот на сексуалните работници, вклучувајќи ги здравството, домувањето, вработувањето и образованието, од страна на приватни лица, државни службеници, спроведувачи/креатори на закони и политики и/или други државни актери. Директните прекршувања на човековите права на сексуалните работници често се вкоренети во репресивните законски рамки и негативните социјални практики.

Стигмата и невидливоста честопати доведуваат до кршење на основните човекови права на сексуалните работници. Постојат голем број студии за сексуалните работници во светот кои покажуваат дека оваа маргинализирана заедница страда од високи стапки на насилство, честопати извршена од страна на институциите, кои не успеваат да ги заштитат човековите права на сексуалните работници, а пак во многу случаи, исто така, токму тие се злоупотребувачи.

Честопати, човековите права на сексуалните работници се загрозени од самите политики кои се креирани и наменети да им помогнат. Сепак, политики базирани на претпоставката дека сексуалната работа е инхерентно дехуманизирање никогаш не може да ја препознае или да ја подобри реалноста на животот на сексуалните работници.

Ризикот од пренос на сексуално преносливи инфекции (СПИ) и ХИВ/СИДА може да биде

висок во сексуалната работа, но тоа не мора да биде така. Сексуалните работници кои имаат знаење и потребни алатки се во можност да се заштитат себеси и своите клиенти. Кога тие имаат моќ да преговараат, сексуални работници се лидери во практикувањето методи за побезбеден секс.

Во повеќето земји, најголем дел од сексуалните работници се жени, а поголемиот дел од нивните клиенти се мажи, но ова не е правило, бидејќи луѓето со различен родов идентитет се вклучени во сексуалната работа и истите се ранливи на злоупотреба, малтретирање и насилство од страна на полицијата, државните институции и општата јавност.

Сексуалните работници во Северна Македонија се една од најмаргинализираните категории на граѓани, кои се соочуваат со повеќеслојна дискриминација и осуда, кои пак водат кон насилство и прекршување на нивните основни човекови права. Најчесто поради јавната и институционалната стигма поврзана со сексуалната работа, насилството врз сексуалните работници поминува недокументирано и непроцесирано и сексуалните работници немаат доверба во институциите. Дополнително, поради конзервативните и застарени општествени вредности кон сексот и човековите тела, сè уште постои родова нееднаквост, хомофобија и трансфобија кои интерсекциски се испреплетуваат со дискриминацијата кон сексуалните работници со различни идентитети. Непризнавањето на сексуалната работа како труд и занимање преку одземање на основниот човеков императив за интегритетот над сопственото тело води кон економска и социјална ранливост на сексуалните работници, а нивната маргинализација го отежнува пристапот до пазарот на трудот и ја загрозува нивната егзистенција, но и на нивните семејства. Дополнително стигмата и дискриминацијата ги оддалечува сексуалните работници од редовната здравствена заштита, а особено од јавните сервиси и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кои поради видот на работата се повеќе од неопходни.

Правото на живот, безбедност, слобода на говор, политичкото делување и пристапот до информации и основните здравствени и образовни услуги се исто толку важни за сексуалните работници како и за сите други. Никој не треба да ги изгуби овие човекови права поради работата што ја работи. Со декриминализација на сексуалната работа ќе се намали стигмата и дискриминацијата врз сексуалните работници и ќе се подобрат условите во кои сексуалните работници живеат и работат.



Во издание на:

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.